**20140341042**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 38 став (3) од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 11/2012), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 31.1.2014 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА И ПОДАТОЦИ КОИ ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА И ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ГИ ДОСТАВУВААТ ДО ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се уредуваат начинот на водење евиденција и видот на податоците кои пензиските друштва и друштвата за осигурување ги доставуваат до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фондот на ПИОМ).

Член 2

Пензиското друштво води евиденција за секој член на пензискиот фонд кој избрал исплата на пензија од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: втор столб) преку програмирани повлекувања.

Евиденцијата од став (1) на овој член, која пензиското друштво ја доставува до Фондот на ПИОМ, ги содржи следните податоци:

а) име и презиме на членот на пензискиот фонд кој остварил вид на исплата на пензија од втор столб ;

б) ЕМБГ на членот;

в) видот на избраната исплата на пензија;

г) назив на пензиско друштво избрано за исплата на програмираните повлекувања и

д) износ на програмираното повлекување.

Член 3

Друштвото за осигурување води евиденција за секој член на пензискиот фонд кој избрал исплата на пензија од втор столб преку доживотен непосреден ануитет и е негов осигуреник.

Евиденцијата од став (1) на овој член, која друштвото за осигурување ја доставува до Фондот на ПИОМ, ги содржи следните податоци:

а) име и презиме на членот на пензискиот фонд кој остварил вид на исплата на пензија од втор столб;

б) ЕМБГ на членот;

в) видот на избраната исплата на пензија;

г) називот на друштвото за осигурување избрано за исплата на непосреден ануитет;

д) износ на непосредниот ануитет и

ѓ) карактеристики на непосредниот ануитет:

- со или без гарантиран период и
- фиксен ануитет усогласен со трошоци за живот (според порастот на индексот на трошоците за живот или со фиксно номинално усогласување) или фиксен ануитет со учество во добивката на друштвото за осигурување.

Член 4

Пензиското друштво и друштвото за осигурување водат евиденции за секој член на пензискиот фонд кој избрал исплата на пензија од втор столб преку привремени програмирани повлекувања во комбинација со доживотен одложен ануитет.

Евиденциите од став (1) на овој член се доставуваат до Фондот на ПИОМ и ги содржат следните податоци:

а) име и презиме на членот на пензискиот фонд кој остварил вид на исплата на пензија од втор столб;

б) ЕМБГ на членот;

в) видот на избраната исплата на пензија;

г) називот на пензиското друштво и друштвото за осигурување избрани за исплата на привремени програмирани повлекувања во комбинација со доживотен одложен ануитет;

д) износ на привремено програмирано повлекување и износ на доживотниот одложен ануитет и соодносот меѓу привремените програмирани повлекувања и одложениот ануитет и

ѓ) карактеристики на одложениот ануитет:

- со или без гарантиран период и

- фиксен ануитет усогласен со трошоци за живот (според порастот на индексот на трошоците за живот или со фиксно номинално усогласување) или фиксен ануитет со учество во добивката на друштвото за осигурување.

Член 5

Пензиското друштво и друштвото за осигурување избрано од членот за исплата на некој вид на пензија од втор столб, ги водат евиденциите од член 2, 3 и 4 од овој правилник на електронски начин преку својот информациски систем.

Член 6

Пензиските друштва и друштвата за осигурување ги доставуваат до Фондот на ПИОМ, податоците од членовите 2, 3 и 4 од овој правилник до 15-ти во месецот за секој член на пензискиот фонд кој остварил вид на исплата на пензија од втор столб во претходниот месец.

Член 7

Овој правилник влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.03.2014 година.

Бр. 01-127/3
13 февруари 2014 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.